Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15 , 05/16 и 142/16), а согласно Правилникот за систематизација на работните места на Општина Битола бр.01-02 од 03.09.2015 год. Секретарот на Општината Битола, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на административен службеник**
**по пат на интерен оглас**

1.За извршител на работите на работно место:
**УПР 0101В03000 Соработник Внатрешен ревизор**
Одделение за ревизија на системите за внатрешна контрола и ревизија на усогласеност (регуларност), Сектор - за внатрешна ревизија 1 извршител
се избира кандидатот:

**АНИЦА ТАНТАРОВА ГЕОРГИЕВСКА**

2.Административниот службеник ќе биде унапреден на работното место од претходниот став, врз основа на Решение донесено од Секретарот на Општината, а по завршување на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука.

3.Оваа Одлука ќе се објави на web страницата на Општина Битола.

О б р а з л о ж е н и е

Општина Битола спроведе постапката за унапредување на административен службеник за извршување на работите од став 1 на оваа Одлука, преку објавен интерен оглас бр. 01/16.

Интерниот оглас беше објавен на web страната на општина Битола на ден 30.09.016 г.- Од страна на посебно формирана Комисија со Решение бр. 04-132/3 од 30.09.2016 година, спроведена е административна селекција и извршено е интервју со кандидатот за погоре наведеното работно место, кој воедно беше и единствен кандидат пријавен по интерниот оглас.

Комисијата по извршеното интервју изготви финална ранг листа на кандидат со предлог , истата ја достави до Секретарот Записник бр.04-132/6 од 06.10.2016 год. врз основа на која листа – предлог Секретарот на општината изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на web страната на Општина Битола..

Бр. 04-132/7
07.10.2016 год.
Битола

**Секретар**
**на Општината Битола**
**Слободан Бончаноски**

Изготвил: Кире Ѓоргиевски